Врз основа на член 29 од Законот за урбано зеленило ( " Службен весник на Република Македонија " бр.11/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија " бр. 42/20 и 224/24 ) и член 26 од Одлуката за комунален ред во Град Скопје ("Службен гласник на Град Скопје" бр.8/14, 4/19, 7/19, 1/21, 11/25 и 13/25), постапувајќи по Решението донесено од Комисијата за одлучување во втор степен при Министерство за животна средина и просторно планирање **бр. 28-135/5 од 16.02.2026 год.** Градоначалникот на Град Скопје, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

1. **СЕ ОДОБРУВА** да се изврши сечење на урбано зеленило ( останато зеленило ) на 1 (едно) дрво (чемпрес), што се наоѓа **во дворот на барателот** на **ул. "Антон Димитров" бр. 128Б – Скопје.**
2. Сечењето на дрвото да го изврши и организира барателот, најдоцна во рок од 30 дена, од денот на правосилноста на решението.
3. Сечењето на дрвото да се изврши стручно и на соодветен начин, како би се одбегнале евентуални материјални и други штети. Евентуално причинетата штета ќе биде на товар на барателот.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Постапувајќи по решение, донесено од Комисијата за одлучување во втор степен при Министерство за животна средина и просторно планирање – Скопје бр. 28-135/5 од 16.02.2026 година**,** Секторот за комунални работи при администрацијата на Град Скопје има одлучено на барателот Гоце Јачевски да му одобри сечење на урбано зеленило (останато зеленило ) на 1 (едно) дрво (чемпрес), што се наоѓа **во дворот на барателот** на **ул**. "Антон Димитров" бр. 128Б – Скопје без наметнување на обврска за компензациско садење.

Согласно член 10 а во врска со член 1 став 2 од Законот за урбано зеленило ( " Службен весник на Република Македонија " бр.11/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија " бр. 42/20 и 224/24) останато зеленило се зелените површини или земјиштето наменето за озеленување, кои претставуваат придружна содржина на други основни намени, а се во сопственост на физички и правни лица, или дадени на нивно користење.
Согласно член 11 став 1 точка 1 од Законот за урбано зеленило ( " Службен весник на Република Македонија " бр.11/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија " бр. 42/20 и 224/24) зелените површините покрај објекти за домување (станбени куќи, станбени згради и друго) се сметаат за тип на останато зеленило.
Согласно член 14 од горе наведениот закон, подигање, одржување и реконструкција на останатото зеленило, кое е дел од градежна парцела со одредена намена, врши правно или физичко лице, сопственик или корисник на таа градежна парцела, во согласност со овој закон.
Во член 29 став 2 од наведениот закон стои дека врз основа на поднесеното барање општината или Градот Скопје се должни да донесат решение со што ќе ја утврдат потребата за сечење, односно кастрење на оштетеното дрво и на видливо место се

обележува дека дрвото е за сечење или кастрење со црвена боја на височина од 130 сантиметри (сечење: „С“ или кастрење: „К“).
Во конкретниот случај овој орган има утврдено дека се работи за останато зеленило, дека поради состојба во која се наоѓа дрвото, истото потребно е да се исече.
Поради се наведеното е одлучено како во диспозитивот.

**Правна поука:** Против ова решение не е дозволена жалба. Може да се поведе управен спор со поднесување на тужба до Управен суд во рок од 30 дена од денот на доставување.

Број к**14-6/301/3**
**27.02.2026** година
Скопје
**Доставено до:** Барателот и Архива

изготвил:
Виш соработник
**Марија Стојановска**

______________________
Раководител на Одд.
**Емил Дуровиќ**

______________________
Раководител на Сектор
**Зоран Лапевски**

______________________

Градоначалник на Град Скопје
**Орце Ѓорѓиевски**

______________________

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ГРАД СКОПЈЕ-СКОПЈЕ
QYTETI I SHKUPIT-SHKUP REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT